Врз основа на чл. 50 ст.1 т.16, и член 22 ст.1 т.8 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 5/2005),

Советот на општина Радовиш на седница одржана на 22.12.2017 година, донесе

# О Д Л У К А
## За доделување стипендии на талентирани ученици во општина Радовиш

член 1

Се доделуваат стипендии на ученици кои добиле награди (прва, втор и, трета) на државни, регионални и општински натпревари:

1. Стефанија Ефтимова I-ва година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш и
2.Давид Каранфилов VI-то одд. во ООУ „Никола Карев„ Радовиш

Стипендиите се доделуваат од буџетот на општината во износ од 2.500.денари за основно образование и 3.000 денари месечно за ученици во средно образование.

Стипендиите ќе се доделуваат 9 (девет) месеци.

член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

О б р а з л о ж е н и е

Општина Радовиш распиша јавен оглас за доделување стипендии на ученици од основните и средното училиште за добиени награди и покажани добри резултати на натпревари во предметна настава во учебната 2016/2017 година.

Комисијата го направи рангирањето на пријавените кандидати од сите училишта во согласност со Правилникот и го достави предлогот со ранг листа за секое училиште до градоначалникот на општината.

За учениците запишани во прва година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш согласно Правилникот се доделуваат 5 (пет) стипендии за учениците кои се запишани од секое основно училиште од општината. Оваа година изостанаа пријави од учениците запишани од ООУ„Никола Карев„ и од ООУ „Кирил и Методиј„ с. Ораовица. Со тоа останаа две стипендии недоделени, а буџетски средства предвидени.

Со оглед на условите за бодирање, утврдени во важечкиот Правилник за доделување стипендии во општина Радовиш, оваа година во I-ва година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш и во VI-то одделение во ООУ„Никола Карев„ Радовиш сметам дека треба да се доделат две стипандии и на прво и на второ рангираните кандидати во тие училишта.

Имено, учениците кои се рангирани на второ место во овие училишта имаат добиено повеќе награди на државни, регионални и општински натпревари од учениците кои во вкупниот број на бодови добиени по други основи се наоѓаат на прво место.

Стипендијата треба да биде стимулативна за сите ученици кои по сите основи, а особено со надареност за учење и талентите кои ги поседуваат ги исполнуваат условите да ја добиваат.

Од тие причини се донесува оваа одлука.

Бр. 08-1728/1
дата 22 Декември 2017 г.
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Коце Чаракчиев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
„СОВЕТ НА ОПШТИНА"
ОПШТИНА РАДОВИШ